**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА**

**ЗДРУЖЕНИЕ ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ**

**Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје** е организација која е основана во далечната 1999 година, и која континуирано опстојува и се развива,

етаблирајќи се во цивилното општество во Република С. Македонија како сериозна, одговорна и отчетна граѓанска организација.

**Визијата** на ХОПС е општество во кое на сите луѓе подеднакво им се почитуваат човековите права и слободи и уживаат социјална, здравствена и економска благосостојба.

**Мисијата** на ХОПС е промоција, почитување и заштита на човековите права и слободи заради унапредување на здавјето и социоекономскиот статус на сите луѓе, а особено на корисниците на дроги , сексуалните работниции други маргинализирани заедници базирано на принципите за намалување на штети, преку еднаков пристап до сервиси и услуги, зајакнување на заедницата, подигнување на капацитети, истражувања, анализи и застапување.

**Крајни корисници и засегнати страни**

Во своето делување ХОПС првенствено своите активности ги спроведува со цел подобрување на статусот на луѓето кои употребуваат дроги, маргинализирани жени, деца во социјален ризик и сексуалните работници, како и на останати ранливи и маргинализирани групи во општеството и во тој контекст сите тие се **крајни корисници на работењето на здружението**.

Во своите напори за застапување, креирање, измена и донесување на политики во полза на луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници, со посебен фокус на Роми, жени и деца, и останатите ранливи и маргинализирани заедници, ХОПС соработува со носителите на политики и одлуки, јавните институции, граѓански организации, со бизнис секторот, донатори и меѓународни организации како **засегнати страни**.

Од друга страна ХОПС дава поддшка за основање и работа на други граѓански здруженија во Скопје и пошироко низ Македонија, со слична мисија како ХОПС и кои имаат потенцијал да работат со слични целни групи. ХОПС делува како ментор и помагач во функционирањето на овие здруженија и во нивниот подобар пристап до корисниците.

Со Статутот на ХОПС утврдени се следниве **цели**:

- Социјално вклучување на сексуалните работници, луѓето кои употребуваат дроги и членови на нивните семејствата;
- Подобрена социјална и економска состојба на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници и другите маргинализирани заедници, како и подобрен здравствен и психосоцијален статус;
- Креирани и достапни релевантни сознанија за потребите на маргинализираните заедници и влијанието на постоечките политики и стратегии преку систематизација и анализа на податоци;

- Креирани алатки и препораки за подготовка и спроведување на хумани и ефективни политики, програми и стратегии за областите на делување на ХОПС;
- Зајакнати капацитети на донесувачи на одлуки, професионалци и НВОи во однос на принципите, знаењата и практиките за работа со маргинализирани заедници и промоција на нивните права;
- Развиена функционална програма за едукации и консултантски услуги во областите на делување на ХОПС;
- Почитување на човековите права и афирмација на позитивни и недискриминирачки политики и пракси;
- Унапредување на родовата еднакавост и зајакнување на жените и девојчињата со фокус на жени и девојчиња од маргинализирани заедници;
- Овозможување еднаков пристап до правдата;
- Заштита на животната средина и промоција на зелени политики;

Врз основа на овие организациски цели, во Стратешкиот план 2020-2024 година се утврдени стратешките цели за овој период на дејствување и тоа:
**Стратешка цел 1**- Подобрување на квалитетот на услугите и развој на нови услуги,
**Стратешка цел 2**- Унапредување на националните политики, законски регулативи и практика и јакнење на јавната свест и
**Стратешка цел 3**- Обезбедување на одржливост и јакнење на капацитетите на ХОПС.
Во стратешкиот план за секоја до овие цели има определено **_индикатори и стратешки насоки, односно активности.**
Со цел остварување на организациските и стратешките цели, ХОПС има воспоставено три Програми преку кои се остваруваат погоренаведените цели и активности.
**<u>Програмата Сервиси</u>** е најголема и базична програма на ХОПС. Оваа програма постои од самото основање на организацијата и преку неа директно се работи со крајните корисници, луѓето кои употребуваат droги, секусалните работници и нивните семејства. Ова програма е поделена на 4 оддели: намалување на штети од употреба на дроги, работа со деца во социјален ризик, рехабилитација и реинтеграција. и помош и поддршка на маргинализирани жени и нивните семејства.
Програмата Сервиси ја опфаќа директната работа со корисниците на терен на целата територија на Град Скопје и во центрите на ХОПС кои се лоцирани во Општина Кисела Вода и Општина Центар.
**<u>Програмата Застапување</u> е насочена кон работа** со носителите на политики и одлуки, како и институциите кои ги спроведуваат ваквите политики и одлуки, со цел унапредување на здравјето, социоекономската положба и човековите права на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници и други маргинализирани заедници базирано на принципите за намалување на штети, преку еднаков пристап до услуги, вклученост на заедницата, истражувања, застапување и едукација.

**Програмата ЦЕДИ** овозможува поддршка во функционирање на Програмата Застапување и Програмата Сервиси преку прибирање и анализа на податоци и документирања кои ќе даваат ажурен преглед на состојбата и потребите кај целните групи/корисниците, како и преку изработка на документи, студии, извештаи и предлози за подобрување на постоечките и/или за воведување на нови политики од важност за корисниците. Исто така оваа програма треба да овозможи едукација на претставници на институции, студенти, новинари, други здруженија и персоналот на организацијата со цел зголемување на нивните знаења, но и јакнење на нивните вештини за работа со корисниците. Програмата се реализира преку три посебни програмски аспекти:едукација, документирање и истражување.

## I) Цели на програмата Сервиси

**Согласно утврдените индикатори за стратешка цел 1 - Подобрување на квалитетот на услугите и развој на нови услуги, се утврдуваат Целите на Програмата Сервиси како специфични цели за остварување на овие индикатори се утврдуваат следните:**

1. Превенција на ХИВ и други по крвен и сексуален пат преносливи инфекции, туберкулоза и лекување на зависности од дроги преку обезбедување здравствена и психолошка поддршка на ЛКУД и СР.

2. Социјална интеграција на ЛКУДи СР во општеството преку овозможување на социјална и економска поддршка.

3. Заштита на човекови права и заштита од дискриминација на ЛКУД и СР со посебен фокус на здравствени, социјални и економски права и родова еднаквост преку обезбедување на правна поддршка.

4. Зајакнати заедници на ЛКУД и СР за застапување за сопствените интереси и права.

5. Зголемен опфат на корисниците на услуги преку надградување на постоечките сервиси и подобрување на квалитетот на истите.

Во Програмата Сервиси специфичните цели ќе се остваруваат преку спроведување на следните активностите:

**1. Здравствени услуги и поддршка на ЛКУД**

1.1 Размена на стерилен прибор за инјектирање;
1.2 Бесплатна дистрибуција на кондоми;
1.3 Дистрибуција на информативен и едукативен материјал за превенција на ХИВ и други крвно и сексуално преносливи инфекции(КСПИ), за безбедно инјектирање, безбеден секс и безбедна употреба на droги;
1.6 Доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ/СИДА;

1.7 Собирање, транспорт и согорување на медицински отпаден материјал;
1.8 Базична медицинска помош при последици од долготрајно и неправилно инјектирање;
1.9 Мотивација за третман и препраќање до соодветните модели за третман;
1.10 Информирање на корисниците на дроги и нивните семејства за постоечките модели за третман за лекување на зависности;
1.11 Информирање на корисниците за лекување на Хепатитис Ц инфекција;

**2. Здравствена и психолошка поддршка на СР**

2.1 Теренска работа и ширење на мрежа на контакти со сексуални работници;
2.2 Диструбуција на бесплатни кондоми, лубриканти, стерилна опрема за инјектирање, едукација и информација за превенција на ХИВ/СИДА и КСПИ на терен и во Дневен центар;
2.3 Мотивирање и овозможување на доброволно доверливо советување и тестирање за ХИВ (ДДСТ);
2.4 Овозможување на бесплатни гинеколошки прегледи, контрацепција, тестирање и лекување на КСПИ во соработка со партнерски организации;
2.5 Зајакнување/осамостојување на постоечките програми за превенција на ХИВ и КСПИ меѓу СР и нивни клиенти;
2.6 Овозможување психолошка поддршка за грижа на менталното здравје преку индивидуална психотерапија, групна работа со СР и психолошки тестирања.
2.7 Пост-пенална поддршка на осудени лица со посебен фокус на ЛКУД, маргинализирани жени, Роми и млади лица.

**3. Социјална и економска поддршка на ЛКУД**

3.1 Посредување при остварување на социјалните и здравствените права на ЛКУД и нивните семејства;
- информации и консултации за добивање на документи, социјално и здравствено осигурување, социјална помош, сместување;
- препраќање и посредување во контактите со релевантни институции;
- помош и придружување низ различни процедури;

3.2 Информирање на корисниците на дроги и нивните семејства на постоечките модели за третман;
3.3 Мотивација за третман и препраќање до соодветните модели за третман;
3.4 Информирање и помош во барање работа;
3.5 Материјална помош за добивање лични документи и хигиенски пакети,

**4. Социјална и економска поддршка на маргинализирани жени**

4.1 Овозможување на социјални услуги на терен и во Центар за дневен престој и поддршка на маргинализирани жени со посебен фокус на сексуални работници и жени кои употребуваат дроги:
-информации и консултации за добивање на документи, социјално и здравствено осигурување, социјална помош, сместување;
-препраќање и посредување во контактите со релевантни институции;
-помош и придружување низ различни процедури;
-психосоцијална поддршка, индивидуална и групна работа;

-работа со семејства;
-овозможување на сервиси на лична хигиена (туширање и перење алишта);
-материјална помош (облека, хигиенски пакети, храна, административни такси за вадење документи);
4.2 Овозможување психосоцијална помош и поддршка на жени жртви од родово базирано и семејно насилство со цел полесна реинтеграција во безбедна, пријателска и неосудувачка средина.
4.3 Организирање креативни работилници за развој на вештини на маргинализираните жени.

## 5. Рехабилитација и реинтеграција на ЛКУД

5.1 Поддршка и подготовка за вработување која вклучува изработка на професионална биографија, подготовка за интервју за работа, препраќање за преквалификација или доквалификација за поголема конкурентност на пазарот на труд;
5.2 Поддршка после вработување;
5.3 Индивидуална и групна психосоцијална подршка на луѓето кои употребуваат дроги и нивните семејства;
5.4 Советување со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединес и семејство, односно надминување на проблемите предизвикани од употребата на дроги;
5.5 Организирање на еукативни, културни и спортски настани кои ќе помогнат во процесот на реинтеграција,
5.6 Индивидуално и групно психолошко советување,
5.7 Советување со семејство (по потреба)
5.8 Тестови за проценка на личност и интелигенција
5.9 Терапевтски разговор со психијатар (индивидуална работа)
5.10 Супортивна или вентилациона терапија со психијатар
5.11 Советување со семејство со психијатар
5.12 Медицински совет од психијатар
5.13 Советувања за различни видови дроги и психоактивни супстанци и штетни последици од истите
5.14 Советувања и информации за терапевтски модели на лекување на зависности од дроги и психоактивни супстанци
5.15 Ко – терапевтско советување со психолог/психијатар

## 6. Бесплатна правна помош и параправна поддршка на ЛКУД и СР

6.1 Овозможување на бесплатна правна помош (информации, консултации, придружување низ правни процедури и подготовка на документи-тужби, жалби и слично);
6.2 Овозможување бесплатно застапување во стратешките случаи на кршење на човекови права на ЛКУД и СР;
6.3 Мотивирање на ЛКУД и СР за пријавување на кршење на човекови права во релевантни инситуции, со посебен фокус на родово базираното насилство,

6.4 Поврзување/ зајакнување на соработката со организации кои работат на полето на заштита на човекови права;
6.5 Овозможување на бесплатна правна помош за жени жртви на родово базирано и семејно насилство и придружување во текот на постапките.
6.6 Спроведување на едукативни работилници за правно зајакнување, препознавање на насилство и мотивирање за пријавување на истото до надлежните институции.

**7. Зајакнување на заедницата на сексуални работници за застапување и лобирање за сопствените интереси и права**

7.1 Регрутирање и вклучување на пиер едукатори во превенција на ХИВ и КСПИ;
7.2 Развивање и зајакнување на вештини за преговарање, справување со конфликти и насилство, чувство на самодоверба и припадност кон заедницата;
7.3 Оддржување и зајакнување на критичната маса за застапување на правата на сексуалните работници преку форми на самоорганизирање.

**Програма ЦЕДИ**

Во Програмата ЦЕДИ специфичните цели ќе се остваруваат преку спроведување на следните активностите:

**1. Работилници, обуки, семинари и конференции**

1.1. Организирање на работилници за намалување на штетите од употреба на droги, безбедно инјектирање, предозирање со droги, безбеден секс, туберкулоза, ХИВ, Хепатитис Ц и други КСПИ
1.2. Организирање едукативни работилници за превенција на burnout, ненасилно разрешување конфликти, развојни периоди и потреби, психолошки аспекти на насилството и справување со насилство,
1.3. Работилници за финансиска писменост,
1.4. Едукативни работилници за зајакнување на вештини за позитивно родителство
1.5. Организирање едукативни работилници за подигање на информираноста за човекови права и механизми на заштита на човековите права помеѓу ЛКУД и СР;
1.6. Организирање на тренинзи од областа на работа на ХОПС за претставници на разни институции и организации
1.7. Организираање на школи за обука на студенти и млади стручни кадри
1.8. Организираање на конференции на теми од интерес за ХОПС и партнерите

**2. Документирање и известување**

2.1. Документирање на случаи на кршење на човекови права на СР и на ЛКУД и изготвување на студии и извештаи во сенка;

2.2. достава на податоци за официјална статистика на националните институции и извештаи за меѓународни агенции.

**3. Истражувања и анализи**

3.1. Анализа на модели за политики за droги.
3.2. Анализа и следење на прибирањето и трошењето на акцизите за алкохол и тутун како и на даноците поврзани со производство и промет со канабис и продукти од канабис
3.3. Следење на имплементацијата на Национална стратегија за дроги 2021-2025 и Акциски план 2021-2023,
3.4. Мониторинг на квалитетот на програмите за лекување на зависности и децентрализацијата на лекувањето во Скопје.
3.5. Градење на капацитети на новиот сервис за параправна помош за луѓе кои употребуваат дроги и подобрување на квалитетот на параправната помош за сексуалните работници и ЛКУД.
3.6. Зајакнување на капацитетите на заедницата на сексуални работници за креативен активизам и користење на алатки за комуникација со јавност; поддршка на заедницата за спроведување на акции.
3.7. Истражување за потребите на ЛКУД како и правната регулатива за воведување на програми за проверка на дрогите – Drug Checking .

**Програма Застапување**

Специфичните цели ќе се остваруваат преку активностите кои се реализираат во Програмата Застапување и тоа:

**1. Средби, трибини, кампањи, јавни настани:**

**1.1.** Средби и работилници со носители на одлуки на национално и локално ниво, јавни дебати, прес конференции и кампањи за мобилизирање на политичка и јавна поддршка на програмите за заштита од ХИВ; лекување на зависности, намалување на штети, рехабилитација, реинтеграција и ресоцијализација на луѓе кои употребуваат дроги, бездомници и осудени лица вклучително и малолетници, со цел обезбедување на финансиска оддржливост на постоечките програми, но и развивање на соодветни програми согласно потребите на крајните корисници

**1.2.** Креирање на јавна поддршка за декриминализација на сексуалната работа преку креативни акции подготвени од заедницата, кампањи на социјални медиуми и јавни настани

**1.3.** Креирање на политичка поддршка за декриминализација на сексуалната работа преку работа со клучни носители на одлуки

**1.4.** Реакции и соопштенија во јавност за теми и прашања релевантни за ХОПС

**2. Учество во работни групи и работни тела**

2.1. Учество во работни групи за промена и усвојување на релевантни закони, подзаконски акти, протоколи, стратегии и акциски планови. Посебен фокус на процесот на донесување на Законот за опојни дроги, Кривичниот Законик, Законот за здравствена заштита, Измени и дополнувања на законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, Закон за работни односи и Закон за спречување и заштита од вознемирување на работното место и други закони и подзаконски акти од значење, проактивно учество преку предлагање на амандмани и сл

2.2. Придонес во советодавни и координативни тела (Национална комисија за ХИВ, Координативно тело за дроги на Град Скопје, Меѓуресорска комисија за дроги) и застапување за одржливо финансирање на сервисите за маргинализираните заедници и креирање на политики базирани на докази и човекови права

2.3. Иницирање на инклузивен консултатвен процес за подготовка на закон за регулација на сексуалната работа

**3. Застапување за конкретни теми**

3.1. Застапување за соодветна законска и подзаконска регулатива со цел лиценцирање и стандардизирање на социјални, здравствени и правни услуги кои ги нудат граѓанските организации.

3.2. Застапување за формирање на Фонд од даноците кои правните лица кои произведуваат и тргуваат со канабис и продукти од канабис ќе ги плаќаат согласно Законот за контрола на опојни дроги и прецизирање соодветен процент од средствата од овој фонд кој ќе биде наменет за програми за маргинализирани групи и лекување на разни болести

3.3. Застапување да се зголеми бројот на здравствени состојби за кои може да се користат препарати од канабис согласно медицината базирана на докази, да се дозволи лекари освен од јавното и од приватното здравство да препишат препрати од канабис, и да се дозволи можност пациентот кој добил препорака за лекување со препарати од канабис да може сам да одгледува канабис да го користи во форма во која најмногу му одговара за неговата состојба ( орално, преку инхалација или преку супозитории)

3.4. Застапување самостојно и со партнерски организации со цел креирање на јавна и политичка поддршка за воспоставување на модел на декриминализација на употребата на дроги вклучително и канабис, преку поддршка на креативни акции подготвени од заедницата, кампањи на социјални и традиционални медиуми и јавни настани

3.5. Застапување за вклучување на независни експерти и претставници од граѓански сектор во сите Комисии, Агенции и тела за политики на дроги
3.6. Застапување за овозможување на отварање на програми за проверка на дрогите – Drug checking

**4. Соработка со доносители на одлуки, институции, донатори и организации**

4.1. Градење на соработка и реализирање на заеднички активности со институции и организации кои нудат услуги од областа на социјална и здравствена заштита

**5. Обезбедување на средства**

5.1 Неопходните средства за спроведување на активностите предвидени со оваа годишна програма за 2023 година ХОПС ќе ги обезбедува од Централната и локална власт, од донатори, од Европски фондови, Фондовите на Обединети нации, други меѓународни донатори и фондови, самофинансирање преку уплата на средства во самоодржлив фонд и економски активности, за што е изработен и Годишен финансиски план.